Одделот за граѓански дела на Врховниот суд на Република Македонија, согласно член 38 од Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Македонија, на седницата одржана на ден 02.04.2013 година, го усвои следниот:

## З А К Л У Ч О К

**член 6 став 1 од Европската конвенција за заштита на човековите права и основните слободи, а во врска со член 64 став 1 точка 6 од Законот за парничната постапка**

**Постојат околности што ја доведуваат во сомневање непристрасноста на судијата во постапувањето во граѓански спор, доколку учествувал во кривичната постапка во која изразил свој став за кривичната одговорност на обвинетиот, за настан-дејство по повод кој се поведени и кривичната и граѓанската постапка.**

## О б р а з л о ж е н и е

Основниот суд Скопје II Скопје со пресуда 1Ро.бр.682/09 од 26.01.2011 година, делумно го усвоил тужбеното барање на тужителот А.Н. и му досудил надомест на штета во износ од 672.000,00 денари, која пресуда е потврдена со пресуда на Апелациониот суд Скопје Рож.бр.1257/11 од 25.01.2012 година.

Тужениот АД МЗТ Л. изјавил ревизија против второстепената пресуда и во истата се повикува на пресудите на Основниот суд Скопје I Скопје К.бр.3639/09 од 16.03.2010 година и пресудата на Апелациониот суд Скопје Кж.бр.1041/10 од 22.09.2010 година, каде обвинет е И.К. – директор на тужениот МЗТ Л. АД С., а супсидијарен тужител е сега тужителот А.Н., за кривично дело – Тешки дела против општата сигурност од член 292 став 3 во врска со став 2 од Кривичниот законик и е ослободен од обвинение согласно член 368 став 1 точка 3 од Законот за кривичната постапка. За судија известител по предметот по ревизија е определен истиот судија кој учествувал во донесување на второстепената кривична пресуда и изразил свој став за кривичната одговорност на обвинетиот, за

настан-дејство по повод кој се поведени и кривичната и граѓанската постапка, а двете кривични пресуди се изведени како доказ во граѓанскиот спор. За истиот настан за кој обвинетиот И.К. – генерален директор на МЗТ Л. е ослободен од обвинение, сега тужителот А.Н. бара надомест на штета.

Основниот суд во Струга со пресуда Ро.бр.21/11 на ден 21.06.2011 година, го усвоил тужбеното барање на тужителот Б.К. од С. и ги поништил како незаконити – одлуката-решението за откажување на договорот за вработување бр.19.4.1-58845/1 од 14.09.2009 година, донесено од Министерот на Р.М. и решението бр.45-849/14 од 06.11.2009 година, донесено од Комисијата при Владата на Република Македонија. Задолжен е тужениот Р.М. – Министерство да го врати тужителот на работа на работно место кое одговара на неговата стручна подготовка во рок од 8 дена од приемот на пресудата. Оваа пресуда е потврдена со пресуда на Апелациониот суд Битола Рож.бр.497/11 од 27.09.2011 година.

Тужениот Р.М. – Министерство, вложил ревизија против второстепената пресуда под број Рев3.бр.30/12.

За судија известител по предметот по ревизија е определен истиот судија кој што учествувал во одлучувањето и во кривичниот предмет Кокж.бр.8/11 каде се обвинети повеќе лица, меѓу кои и тужителот Б.К. од С., за кривично дело – Злосторничко здружување од член 394 став 2 од Кривичниот законик, а откажувањето на договорот за вработување на тужителот – обвинетиот Б.К, е поради стореното кривично дело, што значи и граѓанскиот спор и кривичната постапка се поведени за исти настан.

**ОДДЕЛ ЗА ГРАЃАНСКИ ДЕЛА**
**НА ВРХОВНИОТ СУД**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**